D. 211, 2. 69
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 14 февруари 1969
Скопје
Број 6 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 4,00 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**27.**

Врз основа на член 5 од Законот за наградата „Климент Охридски“ („Службен весник на СРМ“ бр. 39/68),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

I. Во Одборот за доделување на наградата „Климент Охридски“ се именуваат:

а) за претседател: Пенушлиски д-р Кирил — декан на Филозофскиот факултет;

б) за членови:

1. Анатоли Дамјановски, доцент на Филозофскиот факултет;
2. Димитар Шопов, професор на Педагошката академија — Скопје;
3. Крсте Ангеловски, директор на Заводот за унапредување на школството — Охрид;
4. Елена Ѓурковиќ, професор во Економското училиште „Борис Кидрич“ — Скопје;
5. Авни Златку, директор на основното училиште „Лирија“ — Скопје;
6. Тефик Исмаил, директор на основното училиште „Никола Тесла“ — Битола;
7. Тодор Сенев, професор на Педагошката академија — Штип;
8. Никола Младеновски, директор на Електромашинскиот центар — Скопје;
9. Благоја Кондарко, просветен советник во Републичкиот завод за унапредување на школството;
10. Митко Зафировски, директор на Народната и универзитетската библиотека — Скопје;
11. Ацо Алексиев, главен уредник на Радио-Скопје;
12. Муртеза Пеза, главен и одговорен уредник на списанието „Јехона“;
13. Киро Џимревски, претседател на Културно-просветната заедница — Куманово;
14. Живко Фирфов, фолклорист;
15. Живко Василевски, член на Извршниот одбор на Републичката конференција на ССРНМ;
16. Шукри Рамо, пратеник на Републичкиот собор;
17. Кирил Алексовски, член на Претседателството на ССМ;
18. Жамила Колономос, претседател на Советот за грижи и воспитување на децата — Скопје;
19. Каменчо Ѓорѓов, член на Конференцијата на СКМ; и
20. Ангел Костадинов, директор на Работничкиот универзитет — Штип.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 348
31 јануари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с.р.

**28.**

Врз основа на член 5 од Законот за наградата „11 Октомври“ („Службен весник на СРМ“ бр. 39/68),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ“

I. Во Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“ се именуваат:

а) за претседател: Ѓорѓи Старделов, професор на Филозофскиот факултет;

б) за членови:

1. Љубен Лапе, професор на Филозофскиот факултет;
2. Д-р Данчо Зографски, професор на Економскиот факултет;
3. Д-р Јордан Миладинов, професор на Архитектонско-градежниот факултет;
4. Д-р Зора Караман, професор на Земјоделско-шумарскиот факултет;
5. Д-р Петар Манговски, професор на Правниот факултет;
6. Инж. Илија Черепналковски, управник на Енергетиката во Рудници и железарница — Скопје;
7. Инж. Бранка Трпеска, инженер во ОХИС;
8. Д-р Ордан Печијаре, професор на Природно-математичкиот факултет;
9. Инж. Димитар Грчев, професор на Електромашинскиот факултет;
10. Д-р Христо Дума, професор на Медицинскиот факултет;
11. Димче Коцо, професор на Филозофскиот факултет;
12. Драган Бојаџиев, музиколог;
13. Вукан Диневски, артист;
14. Димитар Солев, писател;
15. Звонко Никулски, инж. архитект;
16. Кочо Нетков, филмски режисер;
17. Д-р Александар Спасов, професор на Филозофскиот факултет;
18. Петру Јанура, професор на Педагошката академија — Скопје;
19. Д-р Асен Симитчиев, претседател на Стопанската комора на Македонија; и
20. Гога Николовски, секретар на Извршниот одбор на Републичката конференција на ССРНМ.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 349
31 јануари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с.р.

**29.**

Врз основа на член 5 од Законот за наградата „Мито Хаџи Василев-Јасмин" (Службен весник на СРМ" бр. 32/68),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН"

I. Во Одборот за доделување на наградата „Мито Хаџи Василев-Јасмин" се именуваат:

а) за претседател— ЛИЛЈАНА МАНЕВА, потпретседател на Републичката конференција на ССРНМ;

б) за членови:

1. Ахил Тунте, главен уредник на ТВ — Скопје;
2. Гане Тодоровски, писател;
3. Ксенија Гавриш, секретар на Културно-просветната заедница на Македонија;
4. Драган Ташковски, директор на Центарот за марксистичко образование;
5. Томислав Симовски, директор на Радио-Скопје;
6. Неџати Зекирија, писател;
7. Јордан Бражански, новинар;
8. Славка Фиданова, предавач на Филозофскиот факултет;
9. Душан Црвенковски, директор на Издавачкото претпријатие „Култура"; и
10. Рејсула Шакири — член на Републичката конференција на ССРНМ.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 350
31 јануари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

**30.**

Врз основа на член 15 став 6 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ", бр. 9/67),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 31 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ГЕОТЕХНИКА ПРИ АРХИТЕКТОНСКО-ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Заводот за геотехника при Архитектонско-градежниот факултет — Скопје, што го донесе Работната заедница на Заводот на седницата одржана на 28.IV.1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 401
1 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

**31.**

Врз основа на член 15 став 6 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 9/67),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 26 декември 1968 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 31 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ИНСТИТУТ НА СРМ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Ветеринарниот институт на СРМ — Скопје, што го донесе Работната заедница на Институтот на седницата одржана на 2.III.1968 година

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 402
1 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

**32.**

Врз основа на член 15 став 6 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 9/67),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 31 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Земјоделскиот институт — Скопје што го донесе Работната заедница на Институтот на својата седница одржана на 19.VII.1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 404
1 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

**33.**

Врз основа на член 15 став 6 од Законот на организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ", бр. 9/67),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 26 декември 1968 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 31 јануари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО НА СРМ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Статутот на Заводот за водостопанство на СРМ — Скопје, што го донесе Работната заедница на Заводот на седницата одржана на 2.IV.1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 403
1 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с.р.

**34.**

Врз основа на член 19 од Законот за судовите од општа надлежност и член 6 од Законот за стопанските судови („Службен весник на СРМ" бр. 42/65),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 30 јануари 1969 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ — ПОРОТНИЦИ И СУДИИ — ПОРОТНИЦИ ЗА МАЛОЛЕТНИЦИ НА ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ ВО СКОПЈЕ, БИТОЛА И ШТИП И СУДИИ — ПОРОТНИЦИ НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО ШТИП

I

За судии — поротници и судии — поротници за малолетници се избираат во:

А. ОКРУЖЕН СУД СКОПЈЕ

а) За судии-поротници: Андреевски Станимир, Атанасовски Димче, Андонова Даница, Абдул Абдурахман, Ахмети Екрем, Аметовиќ Мурат, Ангеловски Никола, Апостолова Цвета, Амди Демири, Апостолов Панче, Андонова Вера, Ангеловски Мишо, Андоновски Јован, Андоновски Добре, Апостоловски Радивој, Ајтовски Трајко, Аврамова Фимка, Ацевски Илија, Асировски Перо, Арсовски Димче, Андоновски Павле, Акиковски Ќамил, Андоновски Мире, Ајровски Бекир, Амети Исни, Ајруали Ќемал, Ахмети Ариф, Арсовски Левко, Азми Муча, Аџимитров Коста, Ангеловски Пане, Арсов Цветко, Бајрактаров Иван, Божиновски Тихомир, Бајрам Ќамил, Барутовски Блаже, Билбиски Иван, Баркомчевски Гого, Божиновски Арсо, Блажевски Санде, Балабановски Александар, Бркиќ Роко, Блажевски Панче, Брглевски Коста, Бурназова Слободанка, Бошковски Благоја, Блажевски Трајан, Балевски Ристо, Бектеши Исеини, Блажевски Бошко, Божиновски Стеве, Биљали Шаип, Буљакоски Алексо, Букарева Анѓа, Богдановиќ Благој, Бунтевски Ристо, Бојкова Милица, Величковски Никола, Василевски Ристо, Величковски Лазар, Василевски Иван, Вељановски Јован, Вуковиќ Душко, Василевски Владимир, Велковски Александар, Вучковски Милан, Гроздановски Ѓорѓи, Георгиев Христо, Гровчевски Марјан, Грковски Љубиша, Гиговски Благоја, Грашевска Мирјана, Гариќ Дорослав, Глигоровски Даме, Горчевски Цветко, Герасимовски Вељо, Гаревски Мирко, Гиновски Љупчо, Герасимова Ленче, Георгиевски Александар, Драгановски Киро, Деловски Димитар, Димовски Трајан, Дураку Сами, Деспотовски Тошо, Дамјановиќ Никола, Дрњиков Коста, Димовски Лазар, Димовски Најден, Димитриевиќ Реља, Димовски Ѓоре, Демири Исен. Дурмиши Сабри, Дилберов Тодор, Додевски Петар, Денковски Стојче, Димовски Васко, ДодевскаКовиљка, Димов Ангел, Димовски Тодор, Димовски Влада, Ѓукиќ Михаил, Ѓурѓиќ Милорад, Ѓоргов Методија, Ѓошев Никола, Ѓошев Лазар, Ѓошески Томо, Елмази Џемајл, Етеми Шапи, Етеми Азем, Ефтимов Гоче, Ефтоски Гојко, Жужеловски Илија, Зверотиќ Хајро, Зекир Зекир, Златевски Драган, Здравковиќ Будимир, Зенуни Баки, Заковска Марија, Зафировски Илија, Зафиров Киро, Исени Мурат, Ибраим Наип, Ивановски Андреј, Ивановски Тодор, Ивановски Панче, Ивановски Стојан, Илиевски Васил, Ибраимов Неат, Ивановски Спиро, Илница Баудин, Имери Ајредин, Иванов Таки, Јосифовски Тихомир, Јанакевски Ристо, Јанкуловски Иван, Јовановиќ Петар, Јовановски Трајан, Јовановиќ Јован, Јаневски Јордан, Јордановски Коле, Јоциќ Милорад, Јовановски Живко, Јаќоски Фидан, Јорданов Стеван, Јанкуловски Атанас, Јовановиќ Александар, Јордановски Лазар, Јаковлевски Глигор, Јанкуловски Богоја, Јусуфи Асим, Јовановиќ Гордана, Јакимовски Александар, Јосифовски Аспарух, Јакимовски Александар, Јовевски Киро, Комненовиќ Крањо, Костовски Благоја, Кузмановски Јане, Каранџовски Атанас, Коневски Никола, Кондевска Петранка, Кузмановски Славе, Крковски Киро, Камчески Аспарух, Кузманова Драгица, Калајџиски Васил, Костадиновски Методија, Колемишевски Ѓоко, Костовски Ѓоко, Костиќ Александар, Кунески Петко, Крстиќ Станојко, Крстевски Драги, Коцевски Петко, Кончевалиев Петар, Каба Мухамед, Крстевски Блашко, Каркалашев Ристо, Кузмановски Бранко, Ковачевски Ванчо, Кликовец Гојко, Киров Душко, Купенков Киро, Костовски Трајко, Крстева Ката, Лабус Мирко, Лелибјанова Геца, Лазаревски Милојко, Лазаревски Димче, Лазиќ Александар, Лазаревски Илија, Лешовски Стојан, Лешикова Даница, Лика Исмаил, Лазаревски Драги, Љатифи Јусуф, Михајловски Васил, Младеновски Стојмен, Мијалоковски Нае, Мурџев Илија, Маневски Ангелко, Мишевски Микле, Махмутовиќ Феко, Мисирков Ѓорѓи, Мустафа Мустафа, Мраморец Јордан, Мишевски Јордан, Мирковски Ангеле, Мојсовски Никола, Манговски Ристо, Мати Асан, Мурати Али, Мерсовски Исмет, Марку Лутви, Матевски Стојан, Мишовска Надежда, Милосавски Киро, Миладиновски Аце, Мурати Незмије, Михајловски Блаже, Миновска Мира, Митовски Филип, Манасков Ѓоше, Манчевски Томо, Меџеров Коле, Манчев Ѓоко, Мајцен Сречко, Михајловиќ Војислав, Митревски Крсте, Несторовски Стојан, Нешиќ Љубомир, Николовски Драган, Николовски Трајан, Неделковски Лазо, Николовска Љупка, Николиќ Мара, Николовски Антонио, Наумовски Веско, Наумовски Јован, Нешковски Перо, Николовски Никола, Николовски Томислав, Николовски Трпе, Омерагиќ Ибро, Огњановски Андреја, Огненовски Киро, Петрова Галаба, Петровски Драган, Пацоли Исо, Петрушевски Трајан, Петровски Благоја, Полловски Атанас, Парловски Стево, Плакала Мустафа, Пацоли Исмаил, Поповски Сокол, Поповски Злате, Поповски Александар, Петрова Вера, Петровски Ристо, Пендаровска Нада, Поповски Вукашин, Петрушевски Киро, Павловски Павле, Пендовски Коле, Петровски Веле, Палоши Самија, Пачаџиев Методија, Пејовиќ Радивоје, Петковски Војо, Павловска Миљана, Пиритковски Коста, Поптрајанов Ристо, Петковски Александар, Поцева Љубица, Петрушева Драга, Рамадани Мегди, Ременски Ѓорѓи, Рамадан Сафет, Рикаловски Владо, Расолковски Спасе, Радоешки Живко, Ристевски Цене, Рибаровски Панде, Ристовски Киро, Рамадани Бакија, Ристовски Методија, Ранчич Војо, Стојановски Цветан, Сачевски Ефтим, Спасовски Благоја, Siљановски Стојан, Свирца Назим, Селим Ферид, Стојановска Красимира, Савевски Љубе, Селимовски Илијаз, Селовска Даница, Стратров Бранко, Серафимовски Борис, Стефановски Илија, Спирова Антигона, Савиќ Милан, Стаменин Најдо, Стојановски Јордан, Саркисјан Андроник, Стојановски Бранко, Стојановска Славјанка, Синадиновски Ацо, Сарџовски Душко, Спировски Драган. Стојковски Стојко, Спасовски Петар, Сиљановски Аце, Стојановски Диме, Спасов Бојан, Сретеновски Ѓоко, Селими Бекир, Стефановски Живко, Сламков Митко, Секирарски Бојан, Станковски Мирослав, Секуловски Петко, Ставревски Митре, Стој-

ковски Павле, Стојковски Серафим, Стефановска Софија, Стефановска Надица, Стефановски Коле, Стојанов Спасе, Стојменов Стојан, Трајковски Љубе, Таневски Борис, Трајановски Ацо, Тодоровски Благоја Терповски Ристо, Трајковска Донка, Трајковски Мирко, Трајковски Војо, Тодоровски Васе, Топчевски Драган, Трајковски Славе, Торојевиќ Јово, Тасевски Томе, Тодоров Панде, Трајков Мирко, Тодоровски Божидар, Трајковски Софре, Трпчевски Слободан, Трпковски Ристо, Тупуркоски Димитрија, Ќафјани Абедин, Угриновски Ѓоко, Узунов Ванчо, Филиповски Владо, Христева Љубица, Хаџи Ристовски Никола, Христовски Владо, Цветановски Борис, Цветковски Гиго, Цветановски Љубе, Црномаровски Благоја, Црвенковски Владо, Чиче Ирфан, Чочев Васко, Шустер Љубо, Чадиковски Киро, Чириќ Марија, Чипев Петар, Шулевски Мане, Шасивари Сахит, Шиндилова Марија.

б) За судии — поротници за малолетници: Ампов Божидар, Арсовски Левко, Ангеловски Вељан, Акимовски Кемал, Аврамовска Фимка, Ангелов Петар, Атанасова Павлина, Атанасовски Димче, Ангелова Костадинка, Бесими Нухи, Бошњаковски Стево, Божиновска Аница, Василева Лилјана, Величков Бранко, Велинов Александар, Велков Милован, Грнчаровски Миле, Гучевски Ѓоко, Денковски Стојче, Димитров Митко, Демири Сеферин, Димишковски Димитрија, Ѓорѓиевски Коста, Ѓорѓевиќ Даринка, Ѓорѓиевски Кузман, Ѓорѓиевски Ѓорѓи, Ѓорчевски Драган, Идризи Неџат, Исмаил Шефки, Иванова Радмила, Илиевска Божана, Јанева Стефанка. Јанкуловски Ристо, Лабос Перса, Лазарова Лилјана, Лукарев Петар, Љутков Ангел, Митевски Филип, Маку Дервиш-Јакја Абдин, Меркур Љутви, Мандалова Ружа, Мирчевска Симка, Марјановиќ Магдалена, Николов Ѓоре, Наумовска Цвета, Новакова Рада, Николовска Љупка, Османи Тефик, Петрова Галаба, Петковски Војо, Павлова Марика, Попов Аритон, Петровски Борис, Петровски Раде, Поцевски Васко, Плеша Петар, Рафајловски Горе, Рачиќ Азиз, Синадинов Иван, Спасов Бојан, Селими Бекир, Сиљановска Рада, Стојановски Цветан, Трајков Мирко, Таскова Дара, Трајковски Томе, Крстева Ката, Коцева Љубица, Ковачевски Ванчо, Костовска Зорица, Коцевски Перо, Каранакова Анка, Катранџиска Нада, Кочкова Љубица, Кусаковска Славица, Филиповски Спасе, Фаик Рушите, Хартман Брунхилда, Цветковски Киро, Чокуриќ Вера.

## Б. ОКРУЖЕН СУД БИТОЛА

а) За судии-поротници: Атанасовски Александар, Алтипармаковски Васко, Андоновски Јонче, Атанасовски Благоја Ацковски Вангел, Алит Џабир, Аџиевски Панде, Ангеловски Панде, Алексовски Митко, Ангелковски Никола, Асаноски Хаде, Аргировски Кочо, Бакриевски Вангел, Бајрам Решат, Бошевски Миле, Бањари Нико, Бажа Алија, Балтовска Милка, Богдановски Стево, Божиновски Доне, Благо Војдан, Беличански Цветан, Бунески Станко, Благоева Лилјана, Видаковиќ Стојадин, Вангеловски Сиљан, Василевски Вани, Велјановски Димитар, Вудичевски Димче, Веселиновски Гоце, Гиновски Лазо, Груева Драга, Георгиевски Димче, Гинова Софка, Грашоски Ѓорѓи, Гроздановски Петар, Груева Флора, Георгиевски Бошко, Гроздановски Никола, Ганевски Боре, Димитров Ѓорѓи, Димитровски Димитар, Дамески Ефто, Димов Јанко, Димитровски Спасе, Дурмишовски Ристо, Дамев Гвозден, Домазетовски Димче, Додовски Борис, Димовски Наум, Димевски Никола, Димитровски Андон, Даути Инает, Дешковски Бранко, Ѓоревска Јоана, Ѓошевски Стојан, Ѓорѓиевски Томе, Ѓеровски Ристо, Ѓеоргиевски Андон, Ѓорѓиева Рада, Илиевски Милан, Ивановски Трајан, Источки Јонче, Инает Кондра, Јанакиевски Благој, Јовановски Јован, Јосифовски Вангел, Јузевски Живко, Јошевски Мирче, Јоневски Нове, Кочински Ацо, Котевски Борис, Кочинска Милица, Комиха Адем, Костов Ѓорѓи, Кортановски Цветан, Костовски Божин, Коџоман Коста, Лакчански Киро, Лутовски Петар, Литовски Ристо. Лазаревски Иван, Манели Јорго, Мандулев Ефтим, Михајловски Миле, Макриевски Петар, Младеновиќ Фана, Митковски Александар, Магденовски Живко, Михајловски Владо, Митревски Миха, Менкаровски Глигор, Митрески Димче, Ештаревски Мука, Наумовски Мирче, Новачевски Панде, Николовски Ѓорѓи, Наумова Ружа, Николовски Методија, Наумовски Живко, Нешковски Веле, Новевски Томе, Наневски Борис, Наумовски Мендо, Нале Атанас, Николоски Насте, Неделковски Цветан, Огненовски Ацо, Перовски Атанас, Петревски Митре, Поповски Коста, Поповски Пецо, Прокуѓ Јово, Петковски Јонче, Петроски Киро, Присатанец Јонче, Резовски Крсте, Рунтовски Перо, Ристевски Ристо, Ристевски Димитрија, Ристевски Атанас, Рогуљ Бонсо, Ристевски Најдо, Рупев Пере, Ристевски Томе, Спасеновски Трајко, Стојанова Дитра, Стерјевски Димче, Симјановски Томе, Станковски Глигор, Стојановски Живко, Спасевски Томе, Сукаровски Богдан, Смилевски Јордан, Стаматов Крсте, Спасеновски Славко, Стојковски Димче, Сали Авни, Стојчевски Круме, Стојановски Стојан, Тасевски Благоја, Таштановски Ристо, Трифуновски Круме, Тодосиевски Боро, Танасовски Пецо, Трајковски Ѓорѓи, Трајковски Трајко, Талевски Васил, Ташевски Димко, Талевски Јован, Тасевски Рафајло, Тноковски Јордан, Талевски Благој, Таири Џемаил, Танчевски Кирил, Упалевски Илија, Фокиси Зози, Филипова Ленче, Христовски Љубомир, Христовски Ѓорѓи, Црковски Васил, Цветковски Митре, Хаџилега Рајна, Ќурчиевски Петар, Чакар Петар, Чаловски Јосип, Чепелковски Младен, Шунтевски Стојан, Шушевски Гого, Шушевска Гена.

б) За судии-поротници за малолетници: Ајдари Атице, Алексовски Душко, Андреевски Илија, Александрова Веса, Белокозорски Кире, Бундева Весела, Белојани Љупка, Видаковиќ Стојадин, Велевски Ацо, Вангеловски Васко, Дрзовски Ѓорѓи, Даркова Фанија, Дарковски Перо, Димова Анастасија, Златевска Љубица, Звездановски Живко, Јосифовски Вангел, Каровски Лазо, Крстевски Трајко, Корлевски Димче, Лумбуров Ѓорѓи, Лозанчева Марија, Марковска Милица, Марковски Петар, Митревска Пандора, Медаровски Спасе, Македонска Олга, Насуфи Ремзи, Наумовски Живко, Неделковски Богдан, Неделковски Јонче, Несторовски Радосав, Поповски Филип, Пашоја Ирфан, Ристевски Драги, Стојановски Борис, Стојановски Трајан, Светиев Ристо, Стефанов Димче, Стојковски Стојко, Танчевски Димче, Ташевски Димко, Танчевски Кирил, Темелиев Ангел, Талевски Благој, Филевски Томе, Хриси Таки, Цимовски Боро, Шекерџи Нехат, Масларов Ѓорѓи.

## В. ОКРУЖЕН СУД ШТИП

а) За судии — поротници: Алагогова Анка, Арсов Василко, Аговски Александар, Асанова Есма, Атанасов Стојан, Авукатов Сане, Атанасов Миле, Апостолов Димитар, Алагогев Тодор, Арсов Павле, Арев Илија, Атанасов Миле, Андреев Димитар, Арсовски Крсте, Арсовски Геро, Андоновски Божидар, Арсов Амевчо, Аџиленов Ѓорѓи, Аџијанев Мијалче, Бражнаров Ацо, Буриќ Ацо, Балов Мијалче, Богдански Санде, Буровски Киро, Бочварска Елица, Боболков Ванчо, Бурев Ванчо, Бошков Ставре, Брендов Славчо, Бошњачки Ванчо, Бакаловски Димо, Бојаџиски Благој, Бочварски Симо, Везенкова Ратка, Везенков Ванчо, Василев Ацо, Воинов Мијалче, Василев Васил, Воинов Тодор, Гошев Ванчо, Гаврилов Боро, Голомеов Трајко, Гранков Методи, Георгиев Тасо, Георгиев Томе, Глигоров Јордан, Гавриловски Ангеле, Гелев Ангел, Гошев Ристо, Ѓрожсаниев Стево, Гунчев Васе, Димитров Стоилко, Дачов Панчо, Дрмов Тихомир, Димитрова Рада, Долдуров Киро, Дракалски Глигор, Димова Цветанка, Данилов Ристо, Давков Санде, Дедејски Славчо, Донев Љупчо, Ѓурков Јово, Ѓорѓиев Трајан, Ѓорѓиев

Љупчо, Ѓошев Стојче, Златова Блага, Зашаровски Јован, Златков Димитар, Зрнев Љупчо, Иванов Добре, Ивановски Васе, Ивановски Панче, Илиев Петар, Јорданов Благој, Јанков Перо, Јанакиев Душан, Јованов Ристо, Ковчаров Илија, Киров Иван, Кожинков Александар, Капушев Ратко, Камчев Панче, Кикиритков Славе, Кокошаров Лазар, Коцев Ванчо, Кралев Мишо, Крстев Стево, Кочев Славчо, Кралева Васа, Казанлиев Зоран, Кожухаров Димче, Ковачев Трајко, Касаповски Герасим, Кралев Панче, Кулакова Николина, Костадинов Ванчо, Костов Коста, Крамарски Киро, Калакутов Милан, Костов Боро, Крстев Димитар, Костуранов Живко, Кузманов Васе, Китанов Перо, Колев Лазо, Ефремов Симо, Ефремовски Стојан, Лазаревски Славко, Лазарев Ѓорѓи, Мицков Боро, Миташев Љупчо, Манасиева Елица, Миладинов Драги, Манев Михаил, Марковски Коста, Мемеишов Сабри, Манчев Љубен, Максимовски Стојан, Мишев Благој, Монев Александар, Милановиќ Божидар, Михајловиќ Владо, Марков Ѓорѓи, Мицев Бошко, Манчева Магда, Маркова Љиљана, Медаров Пенчо, Наумов Методи, Нанева Стојка, Николов Киро, Наумов Душко, Николовски Ацо, Николов Петар, Николов Драги, Николов Томе, Наков Петар, Пиков Тројко, Пикова Марија, Пенушлиски Сашо, Панева Вера, Пингов Борче, Протогеров Никола, Поповски Душко, Пилатов Благој, Протогеров Александар, Пилатова Милка, Павлова Слободанка, Пулев Митко, Поповска Душица, Пачемски Јован, Петровски Здравко, Павлов Славчо, Петров Стојан, Паторов Ѓорѓи, Поцков Димитар, Ренџов Михаил, Радовиќ Љубо, Рубиса Моис, Радојков Асен, Радев Станко, Ристов Ристо, Ристов Ванчо, Рибарски Панче, Радева Ленка, Самоников Љупчо, Саздов Саздо, Санев Трајко, Симоновски Стојче, Серафимов Павле, Салтиров Димитар, Симеонов Момчило, Стојменов Александар, Стефанов Ацо, Соколов Мијалче, Стојков Мане, Самоников Јордан, Седнички Киро, Стоименов Саво, Серафимов Ѓорѓи, Симов Димитар, Стојков Стоимен, Стојков Станоја, Стипелров Трајчо, Станоев Иван, Семенков Ванчо, Санев Војчо, Сарев Перо, Тасев Мијалче, Трајков Фено, Тасев Блаже, Тулиев Благој, Трајчовски Стојан, Туѓарски Ѓоко, Тасев Благој, Талевски Љубе, Трајков Љубе, Трајчева Цвета, Темкин Андон, Тодоров Петар, Тошев Перо, Таушанов Димитар, Успрцов Ристо, Филов Киро, Христов Тодор, Харалампиев Стево, Хаџипросанов Васил, Хаџи-Скерлева Босилка, Царев Никола, Цацков Никола, Ценевски Илија, Чабуковски Ефтим, Чепреганов Јордан, Чачаров Петар, Чибански Благој, Чучурски Ванчо, Џидров Александар, Шаклев Петар, Шијаков Киро, Шопов Благој, Шуманска Анкица.

б) За судии-поротници за малолетници: Ананиева Станка, Апостолов Ристо, Алибеговска Викторија, Бадиев Стојан, Буклиева Цвета, Вурич Мира, Глигоров Иван, Глигориевиќ Јово, Гајдарџиска Блага, Дубровски Ванчо, Димитров Никола, Дрмов Коце, Илиев Стево, Јолева Добрила, Костадинов Ангел, Костовски Здравко, Кацарски Мико, Котева Милена, Милева Невена, Николов Атанас, Николов Стојан, Николова Љубинка, Поп Трајкова Ружа, Павковиќ Станка, Попстојменов Борчо, Ползов Митко, Пумански Славе, Панев Трајко, Ренџова Лилјана, Сенев Тошо, Сивевски Атанас, Савев Стојче, Стојанов Душко, Санев Ацо, Самарџиска Ката, Серафимов Добре, Трпков Методи, Цацков Душко, Шубашиќ Анка, Шишков Методи.

Г. ОКРУЖЕН СТОПАНСКИ СУД — ШТИП

а) За судии-поротници: Аговски Н. Александар, Анчов П. Блаже, Алагоѓев В. Тодор, Аџитошев Ј. Стојан, Аџиниколов Т. Љупчо, Аџиленов Р. Ѓорѓи, Атарски Ј. Благој, Атанасов Штеријо, Бољат Н. Иван, Барјактаров Д. Ристо, Берков В. Стојан, Бочваров С. Ристо, Бочваров В. Благој, Бораниски Т. Киро, Бочварска Р. Јелица, Буклиева Т. Цвета, Бозаџиев Т. Ристо, Бозаџиев Т. Ване, Батев Р. Томе, Буриќ Н. Александар, Бурев П. Боро, Витанов Г. Звонко, Гавритов Т. Миле, Грков Р. Мице, Грков К. Борис, Гаврилов П. Славко, Гранков В. Методи, Дрмов М. Тихомир, Денков Ј. Боро, Димитрова К. Менче, Ѓорѓиев В. Славко, Ѓуркова Л. Олга, Жежов М. Љупчо, Здравев М. Никола, Зејтиникот Т. Боро, Здравев М. Александар, Здравев В. Митко, Барински Н. Милан, Иванов Г. Јордан, Јовев, П. Богољуб, Јовановиќ С. Олга, Калејски Т. Никола, Камчев Б. Панче, Каев Д. Панче, Крстев Т. Иван, Ковачев С. Димитар, Кулаков П. Ангел, Касаповски Р. Герасим, Крупишкин Ѓ. Никола, Каламутов М. Димо, Кукутанов Т. Миле, Кајзаклиски К. Зоран, Кедев К. Благој, Калејски Т. Никола, Лозанлиев Љ. Бранко, Љуботенски К. Методи, Манев М. Мијалче, Миладинов М. Драги, Милев П. Илија, Михаилова С. Љубинка, Михајлов Панче, Наумов Ј. Душко, Нацев Б. Љупчо, Нетков Т. Васил, Наџимски М. Јован, Нацев В. Коце, Плеков П. Киро, Панев С. Димче, Прошев М. Киро, Пилатов Д. Благој, Протогеров Т. Мичо, Пампалејски Методи, Поптрајкова П. Ружа, Реџовски В. Драги, Рунтев М. Лазар, Радев М. Љубо, Ребрача Беба, Радојков Асен, Санев Д. Петар, Тасов С. Трајко, Стојменов Г. Александар, Спасова Надежда, Соколов П. Киро, Тулиев Р. Благој, Тушанов С. Филип, Тушанов С. Димитар, Тасев Б. Блажо, Христов К. Тодор, Цонева Ј. Нада, Шекеринов М. Илија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 380
3 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

---

35.

Врз основа на членот 76 и 80 од Законот за финансирање определени форми на општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 3/68), Управниот одбор на Републичкиот фонд за додаток на деца — Скопје, на седницата одржана на 25 декември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСОЧИНАТА НА СРЕДСТВАТА ШТО ВО 1969 ГОДИНА СЕ ИЗДВОЈУВААТ ЗА РЕЗЕРВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ДОДАТОК НА ДЕЦА

I

Во резервата на Републичкиот фонд за додаток на деца во 1969 година се издвојуваат средства од 10% од редовните годишни приходи на Републичкиот фонд.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1. јануари 1969 година.

УПРАВЕН ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ДОДАТОК НА ДЕЦА — СКОПЈЕ

Бр. 01-3937/1
25 декември 1968 година
Скопје

Претседател,
**Галип Дема,** с.р.

# Прописи на општинските собранија

## СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

6.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за уредување и користење на градежно земјиште („Службен весник на СРМ" бр. 26/68), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 20. I. 1969 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА УРЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се регулира уредувањето и користењето на градежно земјиште во потесниот градежен реон на гр. Кавадарци кое според деталниот урбанистички план е наменето за изградба.

Член 2

Станбени, стопански, комунални и други објекти се градат на уредено градежно земјиште.

Член 3

Во уредувањето на градежното земјиште и во неговото финансирање учествуваат општината, организацијата за комунални работи што ќе ја определи Општинското собрание и инвеститорот.

Работите на уредувањето на градежното земјиште се од посебен општествен интерес.

#### II. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 4

Уредувањето на градежното земјиште опфаќа подготвување и опремување со комунални објекти и инсталации според програмата за уредување на градежното земјиште.

Член 5

Програмата за уредување на градежното земјиште ја донесува општинското собрание на седница.

Програмата се донесува во согласност со општествениот план на општината и со етапната изградба предвидена со деталниот урбанистички план.

Член 6

Програмата за уредување на градежното земјиште особено ги содржи следните елементи:

— подрачјето со поблиско определување на земјиштето со комунални објекти и инсталации:
— пресметката на трошоците за уредување;
— изворите за финансирање на уредувањето;
— начинот за здружувањето и насочувањето на средствата за уредување и
— динамиката за извршување на програмата.

Член 7

Подготвувањето на градежното земјиште опфаќа:

— подготвителни работи (геодетски подлоги, елаборати и геомеханичко испитување на теренот);
— асанациони работи (израмнување, насипување и одводнување на земјиштето, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од растенија и депонии и други асанациони зафати);
— отстранување на постојните објекти и уреди (уривање на објектите и пренесување на материјалот како и преселување на покуќнината на корисниците на тие објекти);
— регулирање на имотно-правните односи со сопствениците и корисниците на земјиштето и објектите во поглед на надоместокот на земјиштето, уништената култура и урнатите објекти;
— регулирање на односите со носителите на станарското право односно обезбедување станови за сместување на станарите чии станови се уриваат;
— изградба на објекти и инсталации за заедничко комунално користење (улици, пристапи, плоштади и паркинг-плацеви; воведување на јавно осветление; посебни уреди и инсталации за одводување на атмосферската вода од населбата, јавни засолништа; слободни зелени површини и детски игралишта);
— изградба на објекти и инсталации за индивидуално комунално користење (комунални објекти и инсталации за водовод и канализација, за електрична и топлинска мрежа; за превоз на патници во сообраќајот; за поштенско-телеграфско-телефонска мрежа и бункерите за отпадоци).

Член 8

Уредувањето на градежното земјиште, организацијата што ќе ја одреди општинското собрание ќе го врши според одредбите на оваа одлука.

Средствата вложени во уредувањето на земјиштето организацијата ќе ги евидентира посебно по локации и локалитети.

Член 9

Во управувањето со работите од посебен општествен интерес учествуваат претставници на заинтересираните организации (комунални, станбени, урбанистички и др.) и претставници на општествената заедница.

Претставниците на општествената заедница учествуваат во одлучувањето на усвојувањето на финансискиот план за употреба на средства за уредување на градежното земјиште; определувањето височината на надоместокот на подготвување на земјиштето; одобрувањето на завршната сметка, освен во делот со кој се врши распределбата на доходот; донесувањето предлог програма за уредување и разгледувањето на извештаите за нејзината реализација.

Член 10

Претставниците на општествената заедница учествуваат во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес на седници на кои присуствува мнозинството од тие претставници и мнозинството од членовите на Советот што ги избира работната заедница односно мнозинството од членовите на работната заедница ако во работната организација не се образува совет.

Ако тоа го бараат најмалку половината претставници на општествената заедница што присуствуваат на седницата, претставниците на општествената заедница гласаат одделно од членовите на работната заедница.

Кога претставниците на општествената заедница гласаат одделено од членовите на работната заедница, одлуката се смета за донесена ако за неа гласале мнозинството претставници на општествената заедница и мнозинството членови што ги избира работната заедница.

Ако во случаите од претходниот став не се постигне согласност претставниците на општествената заедница и членовите што ги избира работната заедница образуваат заедничка комисија за разгледување на спорните прашања и составување предлог за нивното решавање.

Ако ни заедничката комисија не постигне согласност или нејзиниот предлог нема да биде усвоен, решение за спорното прашање донесува општинското собрание.

Член 11

Со статутот на организацијата се одредува бројот на членовите што таа ги избира и бројот на претставниците на општествената заедница, како и организациите што делегираат свои претставници. Бројот на претставниците на општествената заедница не може да биде поголем од бројот на членовите што ги избира организацијата.

Претставниците на општествената заедница ги именува општинското собрание, а претставниците на заинтересираните организации ги делегираат самите организации.

Статутот на организацијата која врши работа од посебен општествен интерес го потврдува општинското собрание.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 12

Трошоците за подготвувањето на градежното земјиште паѓаат на товар на инвеститорот.

### Член 13

Трошоците за опремувањето на градежното земјиште со објекти и инсталации за заедничко комунално користење паѓаат на товар на општината.

Општинското собрание опремувањето на градежното земјиште со објекти и инсталации за заедничко комунално користење може да го довери на работна организација. Со договор меѓу нив ќе се регулира начинот на обезбедувањето на средствата потребни за опремување.

### Член 14

Трошоците за опремување на објекти и инсталации за индивидуално комунално користење паѓаат на товар на соодветните работни организации.

## IV. ДАВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КОРИСТЕЊЕ

### Член 15

Градежното земјиште го дава на користење општинското собрание. На користење се дава уредено градежно земјиште.

По исклучок, општинското собрание може да даде на користење и неуредено градежно земјиште, со тоа што ќе го одреди срокот за неговото уредување.

### Член 16

Општинското собрание ќе му отстапи градежно неизградено земјиште по барање на поранешниот сопственик за изградба на семејна станбена зграда, ако тој ги исполнува условите според ЗННЗГЗ.

## V. ДАВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КОРИСТЕЊЕ ПО ПАТ НА КОНКУРС

### Член 17

Уредено градежно земјиште се дава на користење по пат на конкурс.

Конкурсот го распишува општинското собрание и го спроведува преку организацијата што ќе ја одреди.

### Член 18

Конкурсот ги содржи следните основни елементи:

— урбанистичките услови, намената, површината, положбата и значењето на објектот како и податоци за земјиштето;

— почетната височина на учеството за уредувањето за земјиштето изразено во просек од вкупните стварни трошоци за уредување на комплексот по квадратен метар или во фиксен износ за конкретното земјиште или во обем на работите за уредувањето;

— срокот за започнувањето и завршувањето на објектот;

— гарантниот износ;

— срокот за поднесување на барањето;

— обврска дека правото и користењето нема да се пренесе на друг корисник;

— начинот на објавувањето на резултатите од конкурсот;

— условите за стекнување првенство за доделување на градежното земјиште: на инвеститор што ќе понуди најголема сума за уредувањето на земјиштето; што ќе понуди порационална, поекономична и побрза изградба на објектот; што ќе понуди порационално користење на земјиштето; што ќе понуди други поприфатливи услови во зависност од специфичноста на објектот или населбата;

— потврда дека се обезбедени средства за изградба на објектот.

### Член 19

По спроведувањето на конкурсната постапка организацијата му поднесува извештај на општинското собрание за учесниците на конкурсот, нивните понуди и за најповолниот учесник.

Врз основа на извештајот од претходниот став, општинското собрание со свое решение го отстапува на користење градежното земјиште на оној корисник кој на конкурсот понудил најповолни услови.

Учесниците за резултатот на конкурсот се известуваат писмено.

### Член 20

По правосилноста на решението за доделување на користење на градежното земјиште организацијата во името на општинското собрание склучува договор со корисникот.

Во договорот задолжително се внесуваат, покрај другото и елементите од конкурсот предвидени во член 18 од оваа одлука.

### Член 21

Доколку при давањето на земјиштето на користење се постигнува повисок износ од просекот на вкупните фактички трошоци по квадратен метар земјиште, разликата се користи за изградба на објекти за заедничко комунално користење.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 22

Со парична казна од 1.000 до 50.000 динари ќе се казни за стопански престап стопанската организација или друго правно лице ако:

1. не го уреди земјиштето според утврдената програма;
2. не изгради објекти и инсталации за индивидуално комунално користење;
3. даде на користење неуредено земјиште спротивно на членот 14 став 3 од оваа одлука.

За дејание од претходниот став ќе се казни со парична казна од 100 до 3.000 динари и одговорното лице во стопанската организација или друго правно лице.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на уредување и користење на градското земјиште на подрачјето на град Кавадарци бр. 01-3226 од 18. II. 1964 година.

### Член 24

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-305
20. I. 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**7.**

Врз основа на член 2 од Законот за организација и финансирање на службата за приходи во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/68), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 20. I. 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИХОДИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Одделение за приходи на Собранието на општината Кавадарци, како посебен самостоен орган на управата и се утврдува делокругот и самоуправните односи на работните луѓе во истото (во понатамошниот текст: Одделение за приходи).

Член 2

Во границите на својата надлежност и овластување, во согласност со постојните прописи, Одделението за приходи непосредно го извршува облогот и наплатувањето на придонесите, даноците и таксите и врши други работи од таа област што ќе ги утврди општинското собрание со оваа одлука или со друг пропис.

Во состав на Одделението за приходи постои инспекција за приходи.

Член 3

Одделението за приходи се грижи за единствена примена на прописите на општинското собрание и пошироките општествено-политички заедници од областа на приходите.

За својата работа Одделението за приходи непосредно е одговорно на општинското собрание и неговиот политички извршен орган надлежен по работите за придонесите, даноците и таксите.

Член 4

Старешина на Одделението за приходи е началникот на Одделението.

Началникот на Одделението го именува Собранието на општината по предлог на комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на општината Кавадарци, за време од 4 години.

За началник на Одделението може да се именува лице со завршено висока или виша школска спрема.

Член 5

Стартниот основ на личниот доход на началникот на Одделението за приходи го одредува општинското собрание.

Член 6

Началникот на Одделението за приходи самостојно раководи со работата на Одделението во границите на правата, задолженијата и овластувањата со закон, Статутот на општината, оваа одлука и др. прописи на општинското собрание.

Член 7

Право на самоуправување во Одделението за приходи имаат сите работници што се запослени во истото кои ја сочинуваат и работната заедница на Одделението.

Во поглед на правата на самоуправување, старешина на Одделението за приходи е началникот, со сите права и обврски предвидени за старешината на орган на управата со законот за самоуправување и работни односи во органите на управата.

Одлуката за одредување надлежностите на работните заедници, старешината на органите на управата за прашања од областа на внатрешните односи на работната заедница бр. 01-6443 од 31. VIII. 1965 година се однесува и за Одделението за приходи.

Член 8

Сите членови на работната заедница во Одделението за приходи ќе преставуваат совет на работната заедница.

Првите избори за избор на претседател на работната заедница да се одржат на ден 5. II. 1969 година.

Член 9

Средствата за работа на Одделението за приходи се обезбедуваат од буџетот на општината Кавадарци, според програма што се одобрува од општинското собрание .

Внатрешната распределба на средствата за работа на Одделението се врши со правилникот за средствата за работа и правилникот за расподелба на личниот доход.

Член 10

Со стапување во сила на оваа одлука престанува со работа Одделението за финансии на Собранието на општината Кавадарци.

Архивата на Одделението за финансии примена до 31. XII. 1968 година да се предаде на чување на писарницата на органот на управата на Собранието на општината Кавадарци, а архивскиот материјал примен од 1. I. 1969 година да го преземе Одделението за приходи.

Член 11

До донесување на Одлуката за организација на управата, работите на буџетот и фондовите да ги преземе Бирото на секретарот, а работите за имотно-правни работи Одделението за управни работи и заеднички служби.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. II. 1969 година.

Бр. 01-308
20. I. 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**8.**

Врз основа на член 1 од Правилникот за дополнение на Правилникот за квалитетот на житото, мелничките производи, лебот и пецивата, тестечините и кексот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 24/68), чл. 3 и 8 од Основниот закон за прекршоците („Службен лист на СФРЈ“ бр. 26/65 и 15/67) и чл. 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 20. I. 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАВИТКУВАЊЕ НА ЛЕБОТ И ПЕЧИВАТА ПРИ ПРОДАЖБА НА МАЛО

Член 1

Лебот и печивата при продажба на мало, пред давањето на купувачот в рака, мораат да се завиткуваат во целофан хартија или во обична чиста бела хартија.

Задолжително ќе се завиткува секое парче леб или печиво без разлика дали се продава цело или во делови (половина, четвртина и т.н.).

Член 2

Одредбите на оваа одлука се задолжителни за сите работни организации, други правни лица и граѓани кои произведуваат и пуштаат во продажба на мало леб и печива.

Член 3

Контрола за правилната примена и извршување на одредбите од оваа одлука ќе вршат пазаришната и санитарната инспекција, а административно-казнената постапка ќе ја води судијата за прекршоци.

Член 4

За повреда на одредбата од член 1 на оваа одлука за прекршок ќе се казни:
— работната организација до 3.000 динари;
— одговорното лице на работната организација до 100 динари;
— самостојниот занаетчија до 300 динари.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-306
20. I. 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

# Огласен дел

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1186, страна 973, книга V, е запишано следното: Фирмата на „Електрострој" — претпријатие за електроинсталатерски, монтажни и производни работи, Скопје, согласно одлуката на советот на работната заедница се менува и гласи: Претпријатие за електроинсталатерски работи и промет на големо и мало во купопродажба и посредување во прометот „Електрострој" — Скопје.

Дејноста се проширува и со промет на големо и мало со: електроматеријали, санитарна керамика и емајлирани санитарни производи, како и со промет на мало со земјоделски производи; посредување во прометот на стоки со механизација, возила, резервни делови, градежни материјали и електро и водоинсталатерски материјали, прехранбени продукти и мешана индустриска стока.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 211 од 17. V. 1968 година. (1275)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 677, книга V, е запишано под фирма: Претпријатие за дрвна индустрија „Треска" од Скопје — Складиште за продажба на огрев и градежен материјал — Титов Велес. Предмет на работењето на складиштето е продажба на огревен и градежен материјал.

Складиштето е основано од работничкиот совет на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, со одлуката бр. 5159 од 21. П. 1968 година.

Раководител на складиштето е инж. Димитар Богатинов.

Складиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 390 од 24. VI. 1968 година. (1278)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 145, книга V, е запишана под фирма: Работна организација „Жито Македонија" — прехранбен комбинат — Скопје — Филијала во Титов Велес — Продавница број 14 во Титов Велес, ул. „Пеце Каров" бр. 7. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на леб, бурек, печиво, млеко и млечни производи, тестенини и кекс, супи и концентрати од супи и варива, колонијални и прехранбени артикли, месо и сувомесни производи, конзервирано месо, риба, овошје, зеленчук и мешано.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Работната организација „Жито Македонија" — прехранбен комбинат — Скопје — Филијала — Титов Велес, со одлука бр. 3327 од 21. X. 1966 година.

Раководител на продавницата е Тодор Ботинов.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 158 од 9. VП. 1968 година. (1279)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 256, страна 859, е запишано следното: Дејноста на Автотранспортното претпријатие „Полет" — Тетово, согласно одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 19. V. 1967 година, елаборатот за економска оправданост и уверението бр. 10-1270/1 од 15. V. 1968 година се проширува и со: промет со резервни делови, моторни возила, автоделови, автогуми, градежен материјал — граѓа, цемент, огревно дрво, јаглен и сите видови градежни материјали, договарање и обезбедување на товар за возила на трети лица (правни и физички), како и туристички услуги во земјата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 441 од 27. V. 1968 година. (1281)

---

